**Одлука бр.4**

**Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија** на својата седница одржана по електронски пат на ден 06.07.2020 година, ја промени одлуктата 4, која сега гласи:

**О Д Л У К А**
**за определување на помош на**
**тениските клубовите членки на Тениска Федерација на Северна Македонија**
**за организација на турнири од Календаот за натпревари за 2020 година**
**за време на пандемија КОВИД-19**

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија на клубовите организатори на **Отворени првенства, Државни Првенства и Мастерс турнири во категории 12,14,16 и 18 години за Мажи и Жени и за категорија Ветерани, а кои се дел** од Календарот за натпревари на ТФСМ за 2020 година за време на пандемија КОВИД 19, доделува:

- за секој натпревар 4 нови топки, по 2 топки за секој играч на натпреварот кои остануваат во клубот организатор, освен Ветеранските турнири, каде токите остануваат кај играчите
- Дипломи за победникот, финалистот и 1/2 финалистите
- За Државните првенства: Пехари за освоено 1 и 2 место
- Медаљи за освоено 1,2 и 3 место на Мастерс турнирите

**Член 2**

1. **Турнири од проектот Детски тенис (Црвени, Портокалови и Зелени)**

- **Топки црвен и портокалов тенис**: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домакин
- **Топки портокалов тенис**: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домакин
- - **Топки зелен тенис**: секој натпреварувач добива по едно топче за време на играње во групи, кое по завршување останува кај клубот домакин
- **Топки зелен тенис**: за време на елиминациониот турнир, секој натпреварувач добива по едно топче за одигрување на натпреварот кое по завршување останува кај клубот домакин

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2020 година за време на пандемија Ковид 19.

**Тениска Федерација на Северна Македонија**
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 06.07.2020 година